ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

08-438/6
11-07-2025

Врз основа на член 22 и член 23 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19) и член 40 и член 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата на 20-та седница одржана на ден 04.07.2025 година донесе

***Одлука***

Постапката по предметот со број 08-2697/1 од 17.10.2024 година, **СЕ ЗАПИРА.**

Предметот со број 08-2697/1 од 17.10.2024 година да се архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на ВЕБ страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

*Образложение*

Предметот со број 08-2697/1 од 17.10.2024 година е оформен по пријава од непознат подносител во која се дадени наводи за неподнесување на Изјава за имотна состојба и интереси на Вд директорот на ________________ на РСМ ____________.

Државната комисија за спречување на корупцијата по извршениот увид во својата евиденција констатира дека лицето ___________ во законски предвидениот рок по избор и по престанок на функцијата Вд директор на _______________на РСМ, не поднел Изјава за имотна состојба и интереси до Државната комисија за спречување на корупцијата.

ДКСК изготви записник за констатиран прекршок бр. 08-2697/2 од 20.12.2024 година и прекршочен платен налог 08-2697/3 од 20.12.2024 и ги достави до _____________. Истиот ја платил глоба во наведениот износ во прекршочниот платен налог.

ДКСК на __________ му издаде прекршочен платен налог со бр.08-438/3 од 03.02.2025 за сторен прекршок по член 82 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, казнив по член 109 од истиот Закон, по кој истиот не постапил.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Со оглед на тоа што постапката за порамнување не беше успешна, ДКСК поднесе барања за поведување прекршочна постапка до Прекршочната комисија на ДКСК.

Прекршочната комисија донесе Решение со бр.14-1450/4 од 30.05.2025 година, со кое сторителот ____________ го прогласи за одговорен, по што ДКСК констатира дека нема елементи за нејзино понатамошно постапување во конкретниот случај.

Врз основа на горенаведеното, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**Заменик Претседател**
**м-р Билјана Каракашова Шулев**

**Изготвил:** м-р А.А.Т., советник
**Контролирал:** м-р Н.Т-М, Раководител на одделение
**Согласен:** К.З, Раководител на сектор
**Одобрил:**Б.Ц., член

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk